| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Зимски радости |
| **Содржина на денот** | „Снежен бој“- вежби за гаѓање |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Александра Стојановска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор на тема зошто треба да внимаваме на хигиената на рацете, и редовно да ги користиме средствата за дезинфекција. |
| **Активности** | Активноста започнете ја со разговор за зимата, снегот и зимските радости што со себе ги носи. Можете да разгледате сликовници, фотографии или апликации со детски игри карактеристични за зима, особено кога има снег (санкање, правење на Снешко Белчо, снежни игри со топки снег итн.). Како вовед во активноста, направете вежби за раздвижување на детската мускулатура. Потоа, за играта: „Снежен бој“ можете да користите разни материјали кои ќе ви послужат како „снежни топки“ , и да ги подготвите со детето: истуткана хартија во форма на топки, балони кои ќе ги надувате половично, топки од памук, тоалетна хартија, од волница, може дури да користите чорапи свиткани како топка итн.( во прилог фотографии бр.5, бр.6, бр.7, бр.8 и бр.9). Потоа, на детето му ги објаснувате правилата на играта. Во играта може да учествуваат повеќе членови од семејството, при што се делите на две групи. Секоја група има своја кошница со снежни топки, а на ѕидот закачете кошаркарски обрач, хулахоп итн., кој ќе треба да се погоди во внатрешноста од одредена далечина. Групата која ќе има повеќе вметнати топки, ќе биде победник во вежбите за гаѓање. Активноста трае додека постои интерес кај детето. Потоа, можете да продолжите со сликање на зимски игри со восочни бои, или правење на Снешко Белчо од пластелин. |